Република Северна Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

# ТРЕТ ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШАЈ

# за

# СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА 2018-2022 ГОДИНА

# (ЈАНУАРИ – ЈУНИ 2020 ГОДИНА)

ЈАНУАРИ 2021 ГОДИНА

# ВОВЕД

Третиот полугодишен Извештај претставува преглед за напредокот во спроведување на Стратегијата за РЈА 2018-2022 година и Акцискиот план постигнат во периодот јануари – јуни 2020 година. За разлика од годишните Извештаи кои се поаналитички и се фокусираат на постигнати резултати и мерења согласно индикаторите, овој Извештај, како првиот и вториот полугодишен Извештај за имплементација, има за цел да го прикаже степенот и статусот на спроведување на активностите предвидени во АП, согласно временската рамка. Со цел полугодишните извештаи да се концизни и едноставни за читателот, нивната структура ќе се фокусира на успешните приказни и предизвици за секоја област. Во исто време, за обезбедување на целосна транспарентност во однос на спроведување на реформата, секој Извештај за имплементација на СРЈА и АП 2018 – 2022 ќе биде пропратен од Матрица која ќе содржи сеопфатен статус за секоја активност, како и очекувани ризици, следни чекори, и други релевантни информации. Овој извештај е изготвен согласно ревидираниот АП за 2019 година.

**Првото поглавје од овој извештај содржи детални информации за активностите чие започнување/реализација е предвидено во првиот и вториот квартал од 2020 година**, односно дава преглед на статусот на реализација на вкупно 82 активности од АП.




Статусот на конкретните активности ќе биде претставен на три нивоа со три бои, во зависност од тоа дали активноста е „целосно спроведена“ (зелена боја), дали е „во тек на спроведување“ (жолта боја), или спроведувањето на активноста значително „доцни“ или не е отпочнато (црвена боја). „Целосно спроведена“ активност е онаа што е потполно реализирана во планираниот рок, предвиден во АП. „Во тек на спроведување“ е онаа активност чиешто спроведување започнало/се очекува да започне во предвидениот рок. „Доцни“ се однесува на активност чиешто спроведување го надминува предвидениот рок или активност чиешто спроведување воопшто не отпочнало во планираниот рок, согласно АП. Оценката за реализација од стручен аспект ја утврдува МИОА, врз основа на информациите добиени од институцијата задолжена за спроведувањето на конкретната активност. Оценката може да претрпи измени по анализата на МИОА и по спроведените дискусии со институцијата задолжена за спроведување на активноста.

Во втора глава од овој Извештај се дава сеопфатен преглед на статусот на имплементација од усвојување на СРЈА и АП (февруари 2018 - јуни 2020). Оттука, Матрицата нуди преглед на вкупно 165 активности, односно 82 активности за периодот јануари – јуни 2020.



# СОДРЖИНА


ЗБИРЕН ПРЕГЛЕД ........ 1

I. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД ........ 3

КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ И КООРДИНАЦИЈА ........ 3

ЈАВНА СЛУЖБА И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ........ 6

ОДГОВОРНОСТ, ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ ........ 8

ДАВАЊЕ УСЛУГИ И ИКТ ПОДДРШКА НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА ........ 13

II.СТАТУС НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА ПЕРИОДОТ ФЕВРУАРИ 2018 – ЈУНИ 2019 .... 16

III.СЛЕДНИ ЧЕКОРИ ........ 18

Листа на кратенки ........ 19

# ЗБИРЕН ПРЕГЛЕД

# ЈАНУАРИ – ЈУНИ 2020 ГОДИНА




Од вкупно 82 активности за кои се известува во наведениот период, целосно спроведени се 13 активности, спроведувањето е во тек на 38 активности, а 31 активности доцнат или не се отпочнати. Со други зборови, околу 62% од активностите се реализирани/реализираат согласно предвидената временска рамка.

## СТАТУС НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ПО ИНСТИТУЦИИ НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИ

| | РЕАЛИЗИРАНИ | ВО ТЕК | ДОЦНАТ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| МИОА | 8 | 26 | 26 | 60 |
| СЕП | | 2 | | 2 |
| СЗ | 1 | | | 1 |
| МФ | 1 | 2 | | 3 |
| ДБКИ | | | 1 | 1 |
| ГС | 2 | | | 2 |
| ДЗС | | 4 | | 4 |
| ДКСК | | 1 | 1 | 2 |
| АЗСПИЈК | | 1 | | 1 |
| УВМК | | 1 | | 1 |
| МТСП | | 1 | 2 | 3 |
| КПВРСМ, МИОА | | | 1 | 1 |
| АА | 1 | | | 1 |

## СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ПО ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ

### ПО1: КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ И КООРДИНАЦИЈА




### ПО2: ЈАВНА СЛУЖБА И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ




### ПО3: ОДГОВОРНОСТ, ОТЧЕТНОСТ, ТРАНСПАРЕНТНОСТ




### ПО4: ДАВАЊЕ УСЛУГИ И ИКТ ПОДДРШКА НА АДМИНИСТРАЦИЈА



# I. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД

## ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 1

### КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ И КООРДИНАЦИЈА

**Сите планирани активности за овој извештаен период се реализираат согласно предвидениот рок.**




## УСПЕШНИПРИКАЗНИ

- ✓ **ГС ВРСМ интензивно работи на мерките за јакнење на капацитетите за среднорочно, секторско и годишно планирање, како и за следење, известување и оценување на политиките.**

Во првата половина на 2020 година ГС, како стручна служба на Владата, преку Секторот за стратегија, планирање и следење продолжи да ја обезбедува координацијата на процесот на стратешко планирање преку соодветните институционални облици (сектори или одделенија) за стратешко планирање во министерствата и органите на државната управа. Имено, во функција на поголема реализација на зацртаните стратешки приоритети и приоритетните цели на Владата, на дневна основа беа одржувани средби со административните службеници од министерствата и органите на државната управа на кои беа давани стручни совети и конкретни насоки за подготвување на стратешките планови и извештаите за нивната реализација.

Електронскиот систем за стратешко планирање и подготовка на Годишната програма за работа на Владата[1] (воведен во октомври 2019 година) е функционален и овозможува електронско подготвување и следење на Годишната програма за работа на Владата, како и подобрено планирање и

[1] https://sp.e-vlada.mk

| | |
|---|---|
| | транспарентно и ефикасно следење на степенот на реализација. |
| ✓ **Има континуирано усогласување на статистичките методологии во национални сметки до висок степен на усогласеност со ЕСА 2010, вклучително и ЕДП нотификациите** | Продолжи усогласувањето со Европскиот систем на сметки (ЕСА) 2010 и табелите за државен долг (ЕДП нотификации). Притоа подготвени се податоци за книжење даноци на пресметковна основа за периодот 2016-2019 година. |
| ✓ **Интензивирање на активностите во ДЗС за спроведување на Попис на населението** | Продолжуваат активностите на ДЗС поврзани со Попис на население, кој е планиран да се спроведе во првата половина на 2021 година. Во текот на првата половина на 2020 година ДЗС посебен акцент стави на подготовката на спроведувањето тест-Попис чие одржување е планирано за втора половина на декември 2020 година. |
| ✓ **Зајакнување на ИТ капацитетот за прибирање, производство и дисеминација на статистики со набавка на хардвер и софтвер** | Во првата половина на 2020 година набавен е дел од ИТ-опремата, што ќе биде инсталирана во Центарот за опоравување од катастрофи[2] во Прилеп во сопственост на МВР. |

[2] Информатички центар за зачувување податоци во услови на катастрофи претставува back up (резервна база) за клучните, витални информациски системи во земјава, односно гарантира дека тие ќе функционираат доколку од какви било причини биде загрозена работата на примарниот информатички систем. Изградбата на објектот беше финансиран во рамките на ИПА фондовите на Европската унија за 2013 година, за потребите на МВР.

# ПРЕДИЗВИЦИ

- ✓ Донесување на новите документи за подобрување на квалитетот на регулативите (Методологија, Упатство и Одлука за ПВР и ОСР) условено од усвојувањето на предлог-Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата;
- ✓ Донесувањето релевантни документи за секторски стратегии, условено од донесувањето на новиот Закон за буџет;
- ✓ Да продолжи да ги усогласува финансиските сметки и кварталните национални сметки со Европскиот систем на сметки, 2010 (ЕСС 2010);
- ✓ Да ги обезбеди потребните административни капацитети за спроведување на Пописот на населението во 2021 година;
- ✓ Донесување на Закон за попис;
- ✓ Борбата со пандемијата КОВИД – 19.

# ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 2

## ЈАВНА СЛУЖБА И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

**Од вкупниот број на планирани активности за реализација во извештајниот период, 47% од активностите се реализирани и се реализираат согласно предвидениот рок.**




## УСПЕШНИ ПРИКАЗНИ

- ✓ **Активно се спроведуваат мерките за деполитизација и професионализацијата на администрацијата и високата раководна служба**

Кон крајот на 2019 година, Владата го утврди текстот на предлог-Законот за висока раководна служба по што истиот беше доставен до СРСМ. Во февруари 2020 година, пред распуштањето на СРСМ, се одржа и јавна дебата во Собранието на која присуствуваа преставници од граѓанскиот сектор, универзитети, меѓународните организации СИГМА, Делегација на ЕУ и Мисијата на ОБСЕ во Скопје[3].

Во текот на 2019 година се одвиваше процесот на подготовка на изменување и дополнување на Закон за вработените во јавниот сектор и Закон за административни службеници. Се подготвија нацрт-текстови на измени и дополнувања на горespоменатите закони, кои беа засновани на тезите, дискусиите и наодите од имплементација на законите во пракса, изразени од страна на највклучените институции – МИОА, АА и ДУИ. Во првата половина на 2020 година, се разгледуваа и надоградува нацрт-текстовите на измени и дополнувањата на ЗВЈС и ЗАС[4].

[3] Формирањето техничка Влада, вонредната состојба и изборниот циклус го спречија донесувањето на Законот за висока раководна служба во предвидениот рок.

[4] Формирањето техничка Влада, вонредната состојба и изборниот циклус го спречија донесувањето на Законот за изменување и дополнувањето на ЗВЈС и Законот за изменување и дополнување на ЗАС во предвидениот рок.

# ПРЕДИЗВИЦИ

- ✓ Навремено донесување на соодветна законска регулатива (Законот за висока раководна служба,  Законот за изменување и дополнување на ЗВЈС и Законот за изменување и дополнување на ЗАС) е основа за понатамошно професионализирање на администрацијата и на високата раководна служба;
- ✓ Доцнењето на донесувањето на соодветна законска регулатива[5] повлекува доцнење на имплементацијата на активностите од оваа приоритетна област во предвидениот рок;
- ✓ Имплементација на активностите поврзани со функционирање на Академијата за обука и Мрежата за УЧР се условени со донесувањето на новата законска регулатива[6];
- ✓ Борбата со пандемијата  КОВИД – 19.

---

[5] Закон за висока раководна служба, Закон за изменување и дополнувањето на ЗВЈС и Законот за изменување и дополнување на ЗАС.

[6] Законот за изменување и дополнувањето на ЗВЈС и  Законот за изменување  и дополнувањето на ЗАС

# ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 3

## ОДГОВОРНОСТ, ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

**Од вкупниот број на планирани активности за реализација во извештајниот период, 36% се реализираат согласно предвидениот рок.**




## УСПЕШНИ ПРИКАЗНИ

- ✓ **Финализирани се 4 нацрт-верзии на Законот за организација на органите на државна управа**

Продолжува спроведувањето на проектот ИПА 2 „Поддршка за државна реорганизација“, а во рамките на проектните активности изработени се четири концепти на ЗООДУ, кои се пренесени во законски решенија. Подготвен е компаративен извештај за статусот и линиите на отчетност на регулаторните тела во државите-членки на ЕУ, Извештаите за земјите со најдобри практики на ЕУ за организација на јавната администрација (Латвија , Финска и Чешка) и синтетички Извештај за најдобрите практики на ЕУ за организација на јавната администрација.

Реализирана е студиска посета на Латвија и Естонија, со претставници од МИОА, МЛС, МФ, ГС при ВРСМ, МЕ, МЗШВ, РКЕВУ, Инспекциски совет и ЗЕЛС. Целта на оваа студиска посета беше преглед на добрите практики во функционирањето на органите на државната управа во државите-членки на ЕУ, кои успешно се справија со ова прашање и го поминаа процесот на реформа и реорганизација[7].

[7]Активностите од оваа приоритетна област кои се започнати но не се реализирани во предвидениот рок, доцнат со имплементација поради формирањето техничка Влада, вонредната состојба во земјата предизвикана од пандемијата од КОВИД-19 и изборниот циклус во Република Северна Македонија.

- ✓ **Финализирана е Методологијата за хоризонтална функционална анализа на органите на државната управа.**

За финализирање на Методологијата беше спроведена еднодневна работилница на која присуствуваа претставници од релевантните институции при што се разменети ставови и мислења. Методологијата беше пилотирана во МИОА и во институциите кои спроведуваат надлежности во рамките на политиките креирани од МИОА, ДУИ, АА, ААВМУ, Инспекциски совет и ДАРСМ.

Беа спроведени низа интервјуа во министерства, како и институции кои спроведуваат политики креирани од министерствата. Сите 16 министерства, со институциите кои вршат надлежности од нивниот ресор, беа поделени во „шест брана“ на спроведување интервјуа и собирање потребни податоци.

Во „првиот бран“ на министерствата беа посетени МЕ и МТВ, како и институциите што ги спроведуваат надлежностите во рамките на политиките креирани од овие министерства. Во „вториот бран“ на министерствата беа посетени МОН, МЖСПП и МЛС, како и институциите што ги спроведуваат надлежностите во рамките на политиките креирани од овие министерства.

За време на пандемијата, интервјуата беа спроведени на Интернет, користејќи соодветни канали за комуникација.

Спроведувањето на функционалната анализа, преку интервјуа и собирање податоци се реализира со цел изработка на новиот предлог на реорганизација и оптимизација на сите 16 министерства и институциите кои спроведуваа надлежности во рамки на политиките креирани од овие министерства.

- ✓ **Обезбедена е поддршка преку проектот ИПА 2: за обезбедување транспарентност, интегритет и етика во јавните институции.**

На почетокот на 2020 година, започна реализацијата на двегодишниот проект ИПА 2 „Транспарентност и отчетност“ со активности во насока на остварување на поддршка на ДКСК во обезбедувањето транспарентност, интегритет и етика во јавните институции што би придонело кон јакнење на интегритетот и етиката на политичко и професионално ниво.

Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во соработка со ДКСК, го поддржа развојот на политиките на интегритет во

локалната самоуправа како и развојот на Документ за јавна политика за вградување на родовиот аспект во имплементација на антикорупциските политики.

Во рамки на воспоставената соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје обезбедена е поддршка преку локален експерт за развивање систем на интегритет во локалната самоуправа. Со цел обезбедување инклузивност на процесот, започната е процедурата за формирање широка работна група. Оваа работна група подоцна ќе биде вклучена и во процесот на воведување на системот на интегритет на централно ниво активност која е предвидена со проектот ИПА 2.

ДКСК, во јануари 2020 година ја донесе „Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси со Акциски план за нејзино спроведување 2020-2024 година" и ја поднесе до СРСМ за усвојување. Но, поради распишаните парламентарни избори, претходниот состав на СРСМ не ја разгледа и усвои Националната стратегија. Имајќи предвид дека за реализација на Националната стратегија донесен е Акциски план во кој детално се утврдени активностите и рокот за нивна реализација. ДКСК пристапи кон ажурирање на Националната стратегија, по што планира повторно да ја достави до СРСМ за усвојување.

- ✓ **Продолжи јакнењето на капацитетите на АЗПСПИЈК со започнување на имплементацијата на проектот ИПА 2: „Промоција на транспарентност и отчетност на јавната администрација".**

Во АЗПСПИЈК започна имплементација на проектот ИПА 2 „Промоција на транспарентност и отчетност на јавната администрација". Една од активностите на овој проект се поврзани со зајакнување на капацитетите на АЗПСПИЈК. Во таа насока, во рамките на проектот ИПА 2, Агенцијата започна со подготовка на функционална анализа и актите за систематизација на работните места. Агенцијата подготви План за обуки, кој поради состојбата предизвикана од КОВИД 19, наместо во април 2020 година, ќе почне со реализација во септември 2020 година. Според новиот ЗСПИЈК[8] се ажурираше списокот на иматели на

[8] Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019)

информации[9]. Списокот на иматели на информации е надополнет со нови 161 иматели, со што вкупниот број на иматели на информации сега изнесува 1418. Списокот е објавен на веб-страницата на АЗПСПИЈК[10]. Во март, се донесе Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер[11], чијашто основна цел е правилно спроведување на законот. Исто така, се изготви Правилник за формата и содржината на прекршочниот платен налог[12] и внатрешни упатства за прекршочна постапка за членовите на Прекршочната комисија во Агенцијата.

- ✓ **МИОА континуирано дава подршка на институциите за измена на актите за внатрешна организација и систематизација на работни места**

Продолжи процесот на усогласување на актите за внатрешна организација и систематизација на работни места на институциите во насока на нивно усогласување со одредбите од ЗОУП.

- ✓ **Продолжија обуките за унапредување на примената на ЗОУП**

На почетокот на 2020 година, МИОА, во соработка со Академијата за обука на судии и јавни обвинители, продолжи со успешна реализација на обуките, со цел зајакнување на капацитетите на јавната администрација и управното судство. Овие обуки се наменети за административните службеници вработени во органите на државната управа кои одлучуваат во управните постапки во прв степен, вработените во органите на државната управа и во општините, комисиите кои одлучуваат во управна постапка во втор степен, советниците, судски соработници и судиите во управните судови.

---

[9] Иматели на информации„ се органите на државната власт и други органи и организации утврдени со закон, органите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, установите и јавните служби, јавните претпријатија, правни и физички лица што вршат јавни овластувања утврдени со закон и дејности од јавен интерес и политичките партии во делот на приходите и расходите.

[10] http://komspi.mk/%d0%bb%d0%b8%d1%81%d1%82%d0%b0-%d0%bd%d0%b0-%d0%b8%d0%bc%d0%b0%d1%82%d0%b5%d0%bb%d0%b8-%d0%bd%d0%b0-%d0%b8%d0%bd%d1%84%d0%be%d1%80%d0%bc%d0%b0%d1%86%d0%b8%d0%b8/

[11] Упатство за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија "бр. 60/2020)

[12] Правилник за формата и содржината на прекршочниот платен налог („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 177/2020)

## ПРЕДИЗВИЦИ

- ✓ Воспоставување кохерентна институционална поставеност на ОДУ, агенции и инспекциски служби од централната власт;
- ✓ Донесувње на нов системски Закон за организација на органите на државна управа кој се носи со 2/3 мнозинство;
- ✓ Усогласување на актите за внатрешна организација и систематизација на работни места на институциите со одредбите од ЗОУП;
- ✓ Продолжување на реализацијата на обуки за унапредена имплементација на ЗОУП од страна на јавните органи;
- ✓ Борбата со пандемијата КОВИД – 19.

# ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 4

## ДАВАЊЕ УСЛУГИ И ИКТ ПОДДРШКА НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА

**Од вкупниот број на планирани активности за реализација во извештајниот период, 66% се реализираат согласно предвидениот рок.**




## УСПЕШНИ ПРИКАЗНИ

- ✓ **Развивиена е Национална долгорочна ИКТ стратегија и Акциски план за спроведување**

Во текот на првата половина на 2020 година изготвени се три стратешки документи Анализа на тековна состојба, Долгорочна национална ИКТ стратегија и Акциски план. Во јуни на членовите на Националниот совет за ИКТ, членовите на неговото Оперативно тело, членовите на Дигиталниот форум и НКБК им беа презентирани наодите и драфт верзиите на стратешките документи.

- ✓ **Продолжи отворањето на центрите на услуги за „Една точка за услуги“ во градовите кои имаат над 25.000 жители.**

Во првата половина на 2020 година извршена е трансформација на центарот „Една точка за услуги“ - Скопје[13] со воведување граѓански ориентиран концепт на прием на странки. Дополнително, започна и функционирањето на Центарот Една Точка за Услуги во Тетово[14], каде граѓаните може да добијат информации за услугите објавени на Националниот портал uslugi.gov.mk и каде можат да добијат помош во однос на аплицирањето и добивањето електронски услуги.

Едновремено, започнати се градежно-занаетчиски активности за воспоставување на три нови центри ЕТУ во градовите Битола, Куманово и Охрид.

---

[13] https://mioa.gov.mk/?q=mk/node/2957
[14] https://mioa.gov.mk/?q=mk/node/2959

- ✓ **Продолжуваат активностите за дигитализација на процесите и приклучување на Интероперабилност**

Тековното одржување на платформата за интероперабилност, како и активностите за приклучување нови институции и нови сервиси на оваа платформата континуирано продолжија и во 2020 година. Континуирано се приклучуваат нови институции на платформата за интероперабилност, а има и постојано зголемување на бројот на трансакции на приклучените институции. Освен институции, за првпат на платформата се приклучуваат и приватни правни лица.

- ✓ **Националниот портал за е-услуги придонесе во реализирање на мерките во борбата со пандемијата од – КОВИД-19**

Националниот портал за е-услуги , постојано се ажурира и во него се внесуваат нови е-услуги. До 30.06.2020 година се внесени околу 1300 услуги, а верификувани се 760 услуги. Во периодот кога постоеше забрана за движење во рамки на мерките во борба со пандемијата КОВИД – 19, преку Порталот се поднесуваа барања за движење за време на полициски час и се добиваа дозволите за движење.

- ✓ **Продолжи јакнењето на капацитетите на институциите за управување со квалитет (ЦАФ)**

Од март 2020 година започна да функционира новата веб-страница за управување со квалитетот (изработена во текот на 2019 година) на доменот на МИОА[15]. Со оваа веб-страница се обезбедува поддршка на институциите во областа на управување со квалитетот и на неа можат да се најдат сите релевантни документи, информации и новости кои се однесуваат на управување со квалитетот, како и новата верзија на ЦАФ за 2020 година – надополнета и ревидирана верзија на досегашниот модел на ЦАФ, кој е официјален документ на ЕУПАН. Во овој период, овој документ беше преведен на македонски јазик.

Во 2020 година се започна со реализација на активноста за формирање неформална мрежа за управување со квалитетот, составена од претставници на институциите кои се занимаваат со оваа област. Во Мрежата самите членови ќе ги креираат активностите кои ќе придонесат за ширење и имплементација на моделите за управување со квалитетот, а координативната улога ќе ја има МИОА. Мрежата исто така би била место во кое ќе се разменуваат добрите практики и искуствата од оваа област.

[15] http://kvalitet.mioa.gov.mk//

# ПРЕДИЗВИЦИ

- Подобрување на реализацијата на активностите кои се имплементираат со донаторска поддршка;
- Недостатокот на финансиски и човечки ресурси во институциите за подобрување на каналите на електронска комуникација во администрацијата, останува еден од најголемите предизвици во оваа област;
- Усвојување на Националната долгорочна ИКТ стратегија со Акциски план од ВРСМ;
- Борбата со пандемијата КОВИД – 19.

# II. СТАТУС НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА ПЕРИОДОТ ФЕВРУАРИ 2018 – ЈУНИ 2020 ГОДИНА

За обезбедување целосен приказ на имплементацијата на сите активности предвидени од донесувањето на СРЈА и АП (февруари 2018) до крајот на овој извештаен период (јуни 2020 година), овој дел од Извештајот нуди преглед на 165 активности од кои: 89 активности се реализирани, 41 активност се во тек и 35 активности кои доцнат со реализација или не се почнати во предвидениот период.

Земајќи го предвид погоре наведеното, целосната реализација на АП, од донсувањето на СРЈА 2018 – јуни 2020 година е прикажан во графикот подолу.




Повеќе од половина од активностите односно 54 % предвидени за периодот февруари 2018 – јуни 2020 година се реализирани, 25% од активностите се во тек на реализација, додека пак 21% доцнат со реализазција согласно предвидената временска рамка во АП од СРЈА .



П.О. 1 КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ
И КООРДИНАЦИЈА
(февруари 2018 - јуни 2020)




П.О. 2 ЈАВНА СЛУЖБА И
УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ
(февруари 2018 - јуни 2020)




П.О. 3 ОДГОВОРНОСТ, ОТЧЕТНОСТ
ТРАНСПАРЕНТНОСТ
АДМИОНИСТРАЦИЈАТА
(февруари 2018 - јуни 2020)




П.О. 4 ДАВАЊЕ УСЛУГИ И ИКТ
ПОДРШКА НА

(февруари 2018 - јуни 2020



# III. СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

Во наредниот период, потребно е надминување на последиците предизвикани од пандемијата со КОВИД-19, вонредната состојба, како и изборниот циклус во РСМ. Донесувањето на соодветна законска регулатива (Законот за висока раководна служба, Законот за изменување и дополнување на ЗВЈС и Законот за изменување и дополнување на ЗАС) е основа за понатамошно професионализирање на администрацијата и високата раководна служба. Вложување поголем напор и заложба за донесување на соодветната законска регулатива, со цел имплементацијата на активностите предвидени во Акцискиот план од Стратегијата за РЈА (2018 -2022).

# Листа на кратенки

| Кратенка | Значење |
|---|---|
| СРЈА | Стратегија за реформа на јавната администрација |
| АКН | Агенција за катастар на недвижности |
| АП | Акциски план |
| ВРСМ | Влада на Република Северна Македонија |
| ГС ВРСМ | Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија |
| ДЗС | Државен завод за статистика |
| ЕДП | Табели за државен долг |
| ДУИ | Државен управен инспекторат |
| ЕСА | Европски систем на сметки (European System of Accounts –ESA) |
| ЕТУ | Една точка на услуги |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЗАС | Закон за административни службеници |
| ЗВЈС | Закон за вработените во јавниот сектор |
| ЗВРС | Закон за висока раководна служба |
| ЗОУП | Закон за општата управна постапка |
| ЗООДУ | Закон за организација на органи на државна управа |
| ИКТ | Информациско комуникациски технологии |
| ИПА | Инструмент за претпристапна помош (IPA: Instrument for Pre-Accession Assistance) |
| АЗПСПИЈК | Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер |
| | Министерство за локална самоуправа |
| МЛС | Министерство за економија |
| МЕ | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МЖСПП | Министертво за земјоделие, шумарство и водостопанство |
| МЗШВ | Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги |
| РКЕВУ | Заедница на единиците на локална самоуправа |
| ЗЕЛС | Државен архив на Република Северна Македонија |
| ДАРСМ | |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МИОА | Министерство за информатичко општество и администрација |
| МТВ | Министерство за транспорт и врски |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| АА | Агенција за администрација |
| МФ | Министерство за финансии |
| КПВРСМ | |

| | |
|---|---|
| | Канцеларија на претседател на Владата на Република Северна Македонија |
| **ОДУ** | Органи на државна управа |
| **ДКСК** | Државната комисија за спречување на корупцијата |
| **ДБКИ** | Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации |
| **ДЗС** | Државен завод за статистика |
| **ОСР** | Оценка на спроведување на регулативата |
| **ПВР** | Проценка на влијание на регулативата |
| **УЧР** | Управување со човечки ресурси |
| **РЈА** | Реформа на јавна администрација |
| **СЕП** | Секретаријат за европски прашања |
| **НКБК** | Национална канцеларија за бродбенд компетентност |
| **СРСМ** | Собрание на Република Северна Македонија |
| **СИГМА** | SIGMA (Support for Improvement in Governance and Management), заедничка иницијатива на ОЕЦД и Европската Комисија |
| **ОБСЕ** | Организацијата за безбедност и соработка со Европа |
| **УВМК** | Управа за водење на матичните книги |
| **ЕУПАН** | Европската мрежа на јавни администрации |
| **ЦАФ** | Европската заедничка рамка за проценка за подобар квалитет во јавната администрација |
| **ААВМУ** | Агенција за аудиовизуелни медиумски услуги |